# Христос воскресна

Во првиот ден од седмицата, многу рано, тие дојдоа на гробот носејќи ги приготвените мириси, а заедно со нив беа и некои други, но плочата на гробот ја најдоа превртена. И како влегоа, не го најдоа телото на Господа Исуса. И додека се чудеа на тоа, одеднаш пред нив застанаа двајца мажи во светли облеки; тие се уплашија и ги наведнаа лицата кон земјата, а овие им рекоа: „Зошто Го барате Живиот меѓу мртвите? Он не е овде, а воскресна; сетете се како ви рече кога беше уште во Галилеја, говорејќи дека Синот Човечки треба да биде предаден на луѓе грешници и да биде распнат, и на третиот ден да воскресне.„ И се сетија на Неговите зборови. Па штом се вратија од гробот, им го соопштија сето тоа на единаесетте и на сите други. А тие беа Марија Магдалина, и Јоана, и Марија Јаковова и други со нив, што им го кажаа тоа на апостолите. И нивните зборови им изгледаа како лага, и не им поверуваа. Но Петар стана и отиде бргу до гробот, и кога се наведна, го виде внатре само покровот и се врати, чудејќи се сам во себе за она што станало.

**... Јас сум Воскресение и Живот, и кој верува во Мене, и ако е мртов- ќе воскресне!**





Во истиот ден двајца од нив одеа во едно село, по име Емаус, што беше оддалечено од Ерусалим шеесет стадиони; и зборуваа помеѓу себе за сите овие настани. И кога разговараа и се запрашуваа еден со друг, Сам Исус се приближи и одеше со нив; но очите им се замрежија за да не Го познаат. А Он им рече: „Какви се тие зборови што ги разменувате помеѓу себе одејќи и зошто сте нажалени?„ Едниот од нив, по име Клеопа, Му одговори и рече: „Единствен туѓинец ли си ти во Ерусалим, та не си разбрал што стана во него овие дни?„ И ги праша: „Што?„ Тие му одговорија: „Она што стана со Исуса Назареецот, Кој беше пророк, силен на дело и на слово, пред Бога и пред сиот народ; дека нашите првосвештеници и управници Го предадоа да биде осуден на смрт и Го распнаа; а ние се надевавме дека е Он Оној што треба да го избави Израилот; но и покрај сето тоа денес е веќе трет ден откако стана ова. А и некои жени од нашите нѐ исплашија; тие биле рано на гробот, и не го нашле телото Негово; и кога се вратија, рекоа дека им се јавиле ангели и дека им кажале дека е Он жив. Отидоа на гробот и некои од нашите и најдоа исто така како што рекоа жените; но Него не Го виделе.„

Тогаш им рече: „О безумни и тврди по срце, да верувате во сѐ што рекле Пророците! Не требаше ли така да пострада Христос и да влезе во Својата

слава?„ Па како почна од Мојсеја и од сите Пророци, им зборуваше што е кажано за Него во целото Писмо. И тие се приближија до селото во коешто одеа; а Он се направи како да сака да продолжи. Но тие Го задржаа, велејќи: „Остани со нас, оти денот превали и наскоро ќе се стемни!„ Он влезе и остана со нив. А кога седеше со нив на трпеза зеде леб, го благослови, го прекрши и им подаде; тогаш им се отворија очите и тие Го познаа; но Он стана невидлив за нив. И си рекоа еден на друг: „Зар не гореа срцата наши кога ни зборуваше по патот и кога ни го објаснуваше Писмото?„ Па во истиот час станаа, се вратија во Ерусалим и ги најдоа собрани единаесетте и оние што беа со нив, каде што говореа дека Господ навистина воскреснал и му се јавил на Симона. И тие кажаа за она што им се случи по патот и како Го познаа кога го прекршувал лебот. Додека тие уште зборуваа за тоа, Сам Исус застана среде нив и им рече: „Мир вам!„

А тие, така збунети и уплашени, помислија дека гледаат дух. Но Он им рече: „Што се плашите и зошто такви мисли влегуваат во срцата ваши? Видете ги рацете Мои и нозете Мои: Јас Сум Истиот; допрете се до Мене и гледајте; зашто духот нема тело и коски, а како што гледате Јас имам.„ А кога го рече тоа, им ги покажа рацете и нозете. Но додека тие од радост уште не веруваа и се чудеа, Он им рече: „Имате ли овде нешто за јадење?„ Тие Му дадоа парче риба печена и мед со саќе. И кога зеде, јадеше пред нив. Па им рече: „Ете, тоа е она за што ви зборував уште додека бев со вас, оти треба да се исполни с што е напишано за Мене во Законот Мојсеев и кај Пророците, и во Псалмите.„ Тогаш им го отвори умот за да ги разбираат Писмата, и им рече: „Така е напишано и така требаше да пострада Христос и да воскресне од мртвите на третиот ден, и да биде проповедано во Негово Име покајание и проштевање на гревовите кај сите народи, почнувајќи од Ерусалим; а вие сте сведоци за ова. И ете, Јас ќе го испратам врз вас ветувањето од Мојот Отец; а вие останете во градот Ерусалим дури не се облечете во сила одозгора.„

И ги изведе надвор од Витанија, па кога ги подигна рацете, ги благослови. И кога ги благословуваше се оддели од нив и се вознесе на небото; тие Му се поклонија и се вратија во Ерусалим со голема радост. И беа постојано во храмот, каде што Го прославуваа и благословуваа Бога. Амин!
(Лука 24)

Христос воскресна од мртвите,
со смртта смртта ја победи,
и на оние во гробовите -
живот им подари!

(тропар на Воскресение)

**Зар не гореа срцата наши**

Евангелските сведоштва за јавувањата на Христос му посветуваат големо внимание на начинот на којшто новото искуство им го откривало на учениците значењето на библиските пророштва. Дури сега тие сфатиле зошто понижувањето и крстот на Синот Човечки се знак на Неговото месијанство. Дури сега тие можеле со поинакви очи да ги прочитаат зборовите на Писмото за искупителните страдања на Слугата Господов. Овој процесс на прогледување најцелосно е прикажан во сведоштвото на евангелистот Лука за Клеопа и за другиот апостол; оние што Го сретнаа Воскреснатиот на патот за селото Емаус.

Тие тргнале на пат вечерта истиот ден кога жените ги донеле првите вести за празниот гроб и за таинствените појави во градината. Но, како и другите,

**Според Св. Максим Исповедник, за „достојните„ коишто ја прифаќаат љубовта Божја, единството со Бога ќе биде Божествено и непоимливо уживање, додека за „недостојните„ за оние коишто се откажале од можноста за љубов, тоа ќе биде неискажливо страдање.**

**Постои само еден квалитет на животот на Осмиот ден, а тоа е фактот дека љубовта суди и љубовта оправдува.**

**Јас Сум воскресение и живот (Јован 11, 25-26). На ова Воскресение се темели и нашето општочовечко воскресение.**

и овие двајца мислеле дека зборовите на жените се бладање. Напуштајќи го Ерусалим тие се упатиле кон селото во коешто веројатно живеел едниот од нив. Емаус бил на два часа одење од престолнината и патниците по патот постојано зборувале за неостварените мечти. Клеопа и неговите блиски Му биле искрено верни на Исуса, но сега им останувало само да ја оплакуваат кобната



грешка што Го погубила Учителот и го урнала животот на нивното семејство.

Сонцето веќе се ближело кон заоѓање кога им се придружил непознат патник, којшто исто така заминувал од градот. Тој ги прашал каква тага ги мачи. „Единствен туѓинец ли си ти во Ерусалим, та не си разбрал што стана во него овие дни?„ се зачудил Клеопа. „Што?„

„Она што стана со Исус Назареецот, Кој беше пророк, силен на дело и на слово, пред Бога и пред сиот народ, дека нашите првосвештеници и управници Го предадоа да биде осуден на смрт и Го распнаа, а ние се надевавме оти Он е Оној што треба да го избави Израилот; денеска е веќе трет ден откако се случи тоа. А и некои жени од нашите нѐ исплашија, тие биле рано изутрина на гробот и не го нашле телото негово, и кога се вратија, рекоа дека им се јавиле ангели и им кажале оти Он е жив. Отидоа на гробот и некое од нашите и сѐ



најдоа така како што рекоа жените, но Него не Го виделе.„

Чудните околности на исчезнувањето на телото не предизвикале кај нив никаква радост. Кој можел да поверува во такви незамисливи работи? Завршната сметка за сите тие години било тоа целосно разочарување.

Реакцијата на Непознатиот била неочекувана. „О безумни и тврди по срце, да верувате во сѐ што реклеПророците!„ Он нив ги опоменал. „Не требаше ли така да пострада Христос и да влезе во Својата слава?„ (Лука 24, 18-26)

**На старословенски воскресение значи оживување**

**по волјата на семоќната Промисла.**

И чекор по чекор таинствениот човек почнал да им ги објаснува месијанските места од Писмото. За што говорел? Можеби за симболот на јагнето и за неговата крв, за каменот отфрлен од ѕидарите, за тагата на праведникот и за неговото спасение, за Новиот Завет, ветен од Бога, но најмногу, веројатно, за пророштвата од Книгата на Исаија, каде што бил прикажан Служителот на Оној Кој Е, како минува низ многу маки за да ги исцели раните на светот и да стане „светлина на народите„. Постепено на Клеопа и на неговиот пријател им се отварале очите, трагичните настани од тие денови добивале смисла. Ако е така, Исусовата смрт не значи крај...

Со такви мисли тие се приближиле до Емаус. Патникот веќе бил готов да се збогува со нив, но апостолите не сакале да го пуштат човекот којшто речиси им ја вратил надежта: „Остани со нас, оти денот превали и наскоро ќе се стемни!„ Непознатиот се согласил. Сите тројца влегле во домот и седнале на вечера. Учениците неволно го признале нивниот сопатник за најстар и го замолиле да ја каже молитвата. Он ги кажал зборовите на благодарност и го прекршил лебот. Неговиот гест! Неговиот глас, толку пати слушнат! Во тој миг обајцата сфатиле кој се наоѓа со нив на масата. Восхитени, тие не стигнале да кажат ниту збор кога „Он стана невидлив за нив„ (Лука 24, 29-31).

Штом си дошле на себе, апостолите почнале разговор за чудесната средба: „Зар не гореа срцата наши кога ни зборуваше по патот и кога ни го објаснуваше Писмото?„ Зарем можеле тие сега да останат во Емаус? Што побргу назад, во Ерусалим, да се сподели неверојатната радост со останатите! Иако веќе паднал мрак, пријателите побрзале во градот. За жал, и нив ги пречекале исто како и жените. Никој не сакал да им поверува. Но сега стигнала нова вест: Господ му се јавил на Кифа. Можел ли најстариот од апостолите да биде прелажан? Некои веднаш поверувале, другите пак, сè уште се сомневале. Разговорите и жешките спорови траеле до длабоко во ноќта. Ненадејно сите го зачуле познатиот поздрав: „Шалом!„ „Мир вам!„ - учениците Го виделе Исуса.

Ужас ги скаменил. Помислиле дека гледаат дух. И Он ги гледал Своите растреперени „браќа„ очекувајќи да си дојдат на себе. Зошто се бунат и се колебаат? Меѓу нив не е бестелесен дух, туку нивниот Учител. Нека Го допрат за да ги напушти мислата за привидение. И мирно, како ништо да не се случило, рекол: „Имате ли нешто за јадење?„ (Лука 24, 41)

Повторно, како порано, Он можел да ја сподели трпезата со нив.

Тие одвај им верувале на очите.

Откако ја кажал молитвата, Исус проговорил. Во тој момент за апостолите се отворил нов хоризонт: пред нив се открила смислата на нивната служба. „Како што Ме прати Отецот, така и Јас ве праќам„. Спасителот ќе дејствува преку Своите пратеници, коишто ги преобразил со силата на Својот Дух. „Примете Дух Свети!„ рекол Он. „На кои ќе им ги простите гревовите ќе им се простат, а на кои ќе им ги задржите, ќе им се задржат.„ (Јован 20, 21 - 23)

Во текот на тие светли денови апостолите конечно се зацврстиле во верата. Од



**претставува и чии интереси застапува кога директно и деструктивно интервенира во решавањето на пастирскиот проблем на Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква?**

- Од она што е погоре кажано може да се констатира само дека тој Епископ во таквото негово дејствување сигурно не е претставник на Божијот народ што му е доверен духовно да го води. Чии интереси тогаш тој застапува е прашање од кое, природно, ќе се загрижи секој што во тој правец ќе размислува.



Можеби за Црквата на Грција името Македонска Православна Црква и претставува пастирско прашање, иако, ако е тоа така, таа сама си го предизвикала тоа, но и за тоа постои решение, а тоа е на една сеправославна конференција да се донесе одлука сите помесни Цркви во своите меѓусебни официјални односи да ги користат само нивните еклисијални имиња. На пример: Охридската Архиепископија стапува во литургиско единство со Пеќската Патријаршија и со Атинската Архиепископија. Зар ова не е наједноставното и најцрковното решение на проблемот? Кој ни ги затвора очите та не гледаме? Ваквиот потег на Православната Црква би бил и првиот чекор кон разрешувањето на проблемите во дијаспората и основен предуслов за почеток на мисија на одредени Цркви што дејствуваат надвор од својата чиста „етничка„ територија (на пр. Српската Православна Црква во Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, па дури, по сè изгледа и во Црна Гора и на Косово). Ваквиот потег би бил и ново и силно сведоштво пред разединетиот свет.

Значи, наместо Српската Православна Црква да размислува за воведување на паралелна ерархија на територијата на Република Македонија, подобро е да покаже пастирска грижа за некое од двете можни решенија: или термините автокефалија и автономија да се користат во нивната вистинска смисла како што погоре предложивме или пак потполно да се напуштат како секлуаризирани и политички оптоварени термини и наместо нив во еден меѓуцрковен договор да се користи, на пример, терминот ’самостојност’. Исто така, приоритетна пастирска задача на Српската Православна Црква е да се погрижи за воспоставување на евхаристиско единство меѓу нашите Цркви, заради очигледноста на световниот карактер на проблематиката во којашто сме се заплеткале, и тоа пред заеднички да најдеме некоја конечна разврска. Како што е на пример моменталната состојба во односите помеѓу Руската Православна Црква и Американската Православна Црква и останатите помесни Цркви. Мислам дека е тоа единствениот начин да се најдеме во Преданието на Светите апостоли и Светите отци: да не дозволиме нашите духовно слободни и самостојни Цркви да паднат во зависност или подреденост една спрема друга, освен во евангелска „зависност„ во иста вера, во иста благодат, љубов и заедница, која заедница конкретно и во сета своја полнота се пројавува во Светата евхаристија. Кој е тој на когошто му пречи решавањето на проблемите на овој начин?

**Повеќепати сте изјавиле дека нашиот црковен проблем има и етичка димензија. Зборувам за елементот на нагласување на националната припадност и националното чувство во односите во Православната Црква. Од овој аспект, каде е местото на ’автокефалноста’ и ’автономијата’ во духовниот живот?**

Нашиов проблем има и етичка или аскетско-исихастичка димензија. Не може некој

Дванаесеттемина само апостолот Тома не Го видел Господа. Кога ги слушал восхитените зборови на браќата, нему му било тешко да ги сподели нивните чувства. Радосната вест била премногу убава! Да не е некоја грешка? Можеби тоа е сепак сенката на Учителот, која дошла од задгробниот свет да ги утеши?
„Додека не ги видам раните од клинците на рацете Негови, и не го ставам прстот свој во раните од клинците, и не ја ставам раката своја во ребрата Негови, нема да поверувам„, тврдел Тома.
Привршувале деновите на празникот. Учениците се подготвувале да се вратат во Галилеја, каде што Господ ветил дека ќе отиде пред нив. За последен пат се собрале сите заедно, веројатно во домот на Марија, мајката на Јован Марко. Вратата била цврсто затворена. Стравот од прогонство с уште не бил стивнат. И повторно, како и првиот ден, ненадејно, Го виделе Исуса како стои меѓу нив. Тој се свртел кон Тома: дојди, подај ја раката, провери! „Господ мој и Бог мој!„ било с што Тома смогнал да каже.

**„Не Ме допирај„**

...А Марија стоеше крај гробот однадвор и плачеше. И плачејќи, се наведна над гробот; и виде два ангела во бели облеки како седат, едниот крај главата, а другиот при нозете, каде што беше лежало телото Исусово. И тие  рекоа: „Жено, зошто плачеш?„ Им одговори: „Го кренале Господа мој и не знам каде Го положиле.„ Штом го рече ова, се заврти назад и Го виде Исуса како стои; но не знаеше оти е Исус. Исус  рече: „Жено, зошто плачеш? Кого го бараш?„ Таа, мислејќи дека е градинарот, Му рече: „Господине, ако си Го зел Ти, кажи ми каде си Го положил, и јас ќе Го земам.„ Исус  рече: „Марија!„ Таа се заврте и Му рече: „Равуни„ - што значи: „Учителе!„ И рече Исус: „Не допирај се до Мене, оти уште не сум се вратил при Мојот Отец; туку отиди при браќата Мои и кажи им: се враќам при Својот Отец и вашиот Отец, при Својот Бог и вашиот Бог.„
(Јован 20, 11-17)

**Во димензиите на Осмиот ден се открива стварноста на Воскресението, единството на Бога со севкупниот Адамов род - со сите луѓе без исклучок. Иако ова единство ќе ја укине природната оддалеченост на човекот од Бога, дури ни тогаш тоа нема да ја наруши слободата на секоја личност.**

„Тома„ му рекол Исус, „ти поверува оти Ме виде. Блажени се оние коишто не Ме виделе, а поверувале.„ (Јован 20, 26-29)
Видливите појави требало само да им помогнат на учениците да излезат од состојбата на духовна темнина и безнадежност, да им покажат дека смртта е бессилна над Месијата. Но наскоро присуството на Господа ќе стане поинакво, достапно за секого којшто отворено ќе Му пристапи.



од книгата „Христос„
на Александар Мењ